**20220941178**

**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Врз основа на член 11, став (1) алинеја 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Во Статутот на Агенцијата за катастар на недвижности број 01-7492/10 од 30.04.2013 година, број 01-548/8 од 30.01.2015 година, број 0101-31874/1 од 29.08.2018 година и број 0101-5114/9 од 29 мај 2020 година, во членот 6, по ставот (6) се додава нов став (7) кој гласи:

„(7) Во градовите во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, текстот на печатот од ставот (2) и текстот на штембилот од ставот (4), се испишува покрај на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните и неговото писмо. Големината на печатот е со пречник 40 мм, а на штембилот е со димензии 65 х 40 мм.“

Ставот (7) станува став (8).

Член 2

Оваа статутарна одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Агенцијата, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Бр. 0101-18002/1
21 декември 2021 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Никола Оџаклиески,** с.р.